ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/304014590

# Наставен час со вклучување на техники и активности во функција на формативното оценување

**Article** · January 2008

CITATIONS
0

READS
16

1 author:

Violeta Janusheva
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**95** PUBLICATIONS **31** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Project PROBLEMS ARISING FROM THE WIDESPREAD SIMPLIFIED VIEW OF THE TRANSLATION PROCESS View project

Project Culture Bound Concepts and Allusions in Translation View project

All content following this page was uploaded by Violeta Janusheva on 16 June 2016.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

располагање со расположливите ресурси на најекономичен начин и вршење на контрола над извршувањето на поставените задачи.

Планирањето, како дел од менаџмент процесот, особено ќе биде значаен и практикуван од институциите кои се повеќе ќе бидат изложени на пазарната конкуренција, а особено на оние кои ќе бидат во приватна сопственост, што се овозможува со новите законски решенија.

## 4. ПОДФУНКЦИИ ПРИ ПЛАНИРАЊЕТО

**1. Прогнозирање:** преку кое се предвидува идната организација на институциите; можниот начин на функционирање на училиштето, начините на остварување на дејноста, усовршувањето и развојот.

**2. Утврдување** на целта или на целите: преку која се поставуваат веројатните цели и задачи кои треба да се остварат во текот на утврдениот период.

**3. Изработка** на самите планови: што значи составување на документи според кои ќе се одвиваат натамошните активности на извршителите.

Процесот на изработка на годишниот план на едно училиште треба да помине низ неколку фази:

- **анализа** на работата на училиштето во претрходната година, со сите елементи за оценка на успесите и пропустите во остварување на дејноста
- **прибирање** на мислења од страна на учениците, наставниците и останатиот персонал за тоа што треба да се направи или измени во тековната година со цел резултатите да бидат подобри
- **проучување** на потребите од соодветни образовни услуги кои ги бара пазарот
- **запознавање** со образовната политика на државата за периодот за кој се донесуваат плановите
- **изработка** на варијанти на плански документи
- **изработка** на критериуми за оценка на варијантите на планот
- **расправа** и оценка на варијантите
- **избор** на најоптималната варијанта на планот
- **прецизирање** и изработка на планот

-продолжува-

**м-р Виолета Јанушева,**
**наставник по македонски јазик и литература**
**СОЗУ *Кузман Шапкарев* - Битола**

# НАСТАВЕН ЧАС СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ТЕХНИКИ И АКТИВНОСТИ ВО ФУНКЦИЈА НА ФОРМАТИВНОТО ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето е интегрален и релевантен дел од воспитно-образовниот процес. Она што го покажува секојдневната воспитно-образовна практика, во поглед на оценувањето на постигањата на учениците, изгледа дека во многу мала мера може да ги задоволи потребите на современо ориентираната настава компатибилна со европските и светски стандарди. Разговорите со наставниците покажуваат дека е потребна поголема мотивација и едукација на наставниците за вклучување на техники за формативно оценување (оценување додека учениците се с# уште во процес на учење) во нивната секојдневна ВО практика. Разговорите, исто така, покажуваат дека се скромни познавањата на наставниците за концептите самооценување и оценување од соученици, кои се моќни алатки за унапредување на постигањата на учениците. Со помош на различни техники и активности

на часот, наставниците и учениците можат да утврдат кои аспекти учениците сами можат да ги оценуваат, но исто така можат да размислуваат за тоа како да изведуваат заклучоци за сопствениот напредок. Оценувањето е комплексен и континуиран процес и за да се постигнат оптимални резултати потребен е интердисциплинарен пристап на наставници, педагози, методичари, психолози и на други инволвирани во наставниот процес. Часот реализиран на ваков начин му помага на наставникот да ги следи постигањата на учениците во сите фази од часот. Наставникот добива повратна информација - што треба тој самиот да смени во својата практика за да ги подобри постигањата на учениците. Секоја активност дава информации за размислувањата на учениците, за нивните тешкотии. Во однос на самооценувањето ученикот учи не само да оценува туку и да размилува за учењето и да изнаоѓа начини како тоа може да се подобри.

**Наставна единица**: Зависносложени реченици - временски

**Цели - Крајни исходи од учењето (она што се очекува учениците да го знаат и да умеат да го направат по завршувањето на наставната единица):**

да ги утврдат сврзниците и сврзувачките средства карактеристични за овој вид реченици;

да ги разликуваат временските ЗСР од другите ЗСР и од НСР;

самостојно да формираат и да употребуваат временски ЗСР реченици;

да ги утврдат оние аспекти од учењето што можат сами да ги оценуваат и аспектите што можат да бидат оценети од соучениците (постепено да навлегуваат во значењето и целисходноста на концептите самооценување и оценување од соученици).

**Методи и техники на работа**: З и Н од ЗСН, дел од Водичот за очекување и реакција, усно изложување на наставната содржина од наставникот, разговор со учениците, работа со текст.

**Форми на работа**: индивидуална, фронтална, работа во групи и работа во парови.

**Наставни средства и помагала**: табла, креда, тетратките на учениците, наставен лист, листа за оценување и листа за самооценување на учениците.

**Литература**:

Стојка Бојковска, Димитар Пандев, Л. М. Ѓуркова, Живко Цветковски *Македонски јазик за средното образование*, 1998, Просветно дело, Скопје

Шил Г. Т., и Кичинг К. 2007. *Прирачник Унапредување на оценувањето во училиштата*, Скопје, Во соработка со УСАИД - Активности во средното образование;

УСАИД - Проект за човековиот институционален развој, Американски институти за истражување и Меѓународна асоцијација за читање;

1. **Активирање на претходното знаење**:

наставникот ги запознава учениците со целите на часот и со текот на часот (активности што ќе бидат реализирани на часот и она за што учениците треба да бидат оспособени на крајот на часот);

учениците индивидуално го пополнуваат делот **З (Знам)** од **ЗСН - Знам, Сакам да знам, Научив** (**З** - ги активира претходните знаења на учениците за темата и помага за нивно оценување, поставува цел за следење на усната интерпретација на наставникот, помага да се оцени разбирањето на интерпретацијата на наставникот). Повратна информација од учениците. Резиме на наставникот. (**Прилог 1**);

учениците индивидуално го пополнуваат делот од **Водичот за очекување и реакција** (повторно се активираат претходните знаења на учениците за темата со истата цел како и со делот **З**). Повратна информација од учениците. Резиме на наставникот. ( 3 искази за **ЗСР - Прилог 2**).

**Создавање на значењето**: Наместо да читаат текст, учениците треба внимателно да го следат изложувањето на наставникот (текстот во учебникот е краток, но стилот е на повисоко ниво од оној што учениците се во можност да го сфатат). Изложување: наставникот објаснува дека дејствата во двете дел-реченици се разгледуваат, како што кажува и насловот на темата, од гледна точка на времето кога тие се вршат. Наставникот на табла го пишува примерот: Сите станаа кога наставникот влезе во училницата. Наставникот реченицата ја дели на две дел-реченици, објаснува која е независната, а која зависната дел-реченица и го потенцира сврзувачкото средство - кога. Наставникот накратко ја објаснува разликата меѓу сврзувачките средства и сврзниците.

Сите станаа / кога наставникот влезе во училницата.

Сите станаа - независна дел-реченица;

кога наставникот влезе во училницата - зависна дел-реченица;

сврзувачко средство - кога.

учениците индивидуално размислуваат за речениците од наставниот лист (речениците се дадени во **Прилог 3**). Од учениците се бара да ја идентификуваат временската реченица, да го објаснат односот меѓу главната и зависната дел-реченица, според горенаведениот пример. На овој начин наставникот има увид во степенот на разбирање и сфаќање на наставната единица. Повратна информација од учениците. Резиме на наставникот;

наставникот поставува прашање со кое се поттикнуваат повисоки мисловни процеси кај учениците: дали дел-речениците можат да си ги менуваат местата, а смислата на реченицата да остане иста? Работа во парови и во мали групи. Повратна информација од учениците. Наставникот објаснува за употребата на запирката. Резиме на наставникот;

на учениците им се укажува и на сврзници, карактеристични за овој вид реченици: пред да; дури / додека; штом / штотуку / тукуштo; откако / откога;

**Вреднување и примена на информациите**: Учениците се делат во групи. Секоја група треба да напише зависносложена временска реченица со еден од сврзниците (оној што им е определен), да го објасни односот меѓу главната и зависната дел-реченица, да ја употреби запирката од гледна точка на Правописот на македонскиот јазик и да се обиде да го промени редоследот на дел-речениците. Секоја група одбира претставник кој ќе даде повратна информација.

учениците работат во групи; секоја група, преку својот претставник, ја кажува реченицата со соодветниот сврзник, го објаснува она што од неа се бара, другите групи оценуваат (и другите групи избираат претставник преку кој ќе дадат повратна информација). За таа цел, групите добиваат ливче со искази кои се однесуваат на оценувањето на соучениците (исказите се дадени во **Прилог 4**). Повратна информација од учениците. Разговор со учениците за начинот на оценувањето. Резиме на наставникот за реченицата на секоја од групите;

учениците индивидуално ја пополнуваат колоната **Н** од **ЗСН** (кратко резиме на наученото) и самостојно се оценуваат како ја разбрале интерпретацијата на наставната содржина од наставникот. Учениците треба да ги пополнат и другите делови од табелата. Разговор со учениците по однос на точките од табелата. Резиме на наставникот. **(Прилог 5)**;

учениците самостојно го оценуваат она што го напишале во резимето според листата за корекција на текст **(Прилог 6а)**; Разговор за начинот на оценување, точноста и искреноста;

учениците работат во парови, си ги заменуваат резимеата што ги напишале и според листата за оценување на соученици - корекција на текст повторно се оценуваат (прашањата од листата **Прилог 6б**). Разговор со учениците - повратна информација. Резиме од наставникот;

**Забелешки за:**

**Успесите:** Поголем број ученици покажуваат разбирање на материјата и свест за тоа дека преку листите за самооценување и оценување можат да се изведуваат заклучоци за нивните постигања;

**Предизвиците**: Битно е да се анимираат што поголем број наставници да ги користат стратегиите на активната методологија заедно со техниките за планирање на оценувањето. На тој начин ќе да можат да се видат ефектите од час реализиран на ваков начин, со единствена цел - подобрување на постигањата на учениците;

**Прилог 1.** Упатство: Запиши ги информациите што веќе ги знаеш за зависносложените реченици. Потоа, искрено оцени ги своите претходни знаења така што ќе одбереш а, б или в. Објасни го она што го заокружи.

| | | |
|---|---|---|
| Што знам за ЗСР: | Моите знаења за ЗСР се:<br>а) одлични<br>б) просечни<br>в) незадоволителни | Објасни: |

**Прилог 2.** Упатство: Внимателно прочитај ги следниве искази и заокружи го одговорот што сметаш дека е точен. Потоа, накратко образложи зошто мислиш така.

Зависносложената реченица има еден прирок: да / не. Зошто мислиш така?

Во зависносложената реченица двете дел-реченици се главни: да / не. Зошто мислиш така?

Во зависносложената реченица нема дел-реченици: да / не. Зошто мислиш така?

**Прилог 3.** Упатство: Идентификувај ја ЗСР - временска, објасни го односот меѓу дел реченициите и обиди се да го промениш редот на дел-речениците.

Ако учиш, ќе постигнеш успех. Учам за да положам.

Не дојдов бидејќи бев болен. Не беше дома кога дојдов.

Петар дојде кога завршија часовите. Ќе дојдам ако сакаш.

**Прилог 4**. Упатство: Внимателно слушај го објаснувањето на ученикот од групата. Потоа, заокружи а, б или в според тоа колку објаснувањето е соодветно на исказите дадени во листата за оценување на соучениците.

| | |
|---|---|
| Напишаната реченица е јасно формулирана. | а) одлично б) просечно в) слабо |
| Сврзникот во реченицата е употребен правилно. | а) одлично б) просечно в) слабо |
| Објаснувањето на претставникот на групата покажува дека се сфатени суштинските идеи на наставната единица. | а) одлично б) просечно в) слабо |
| Напишаната реченица е правилна во однос на стандардот. | а) одлично б) просечно в) слабо |

**Прилог 5.** Упатство: Направи кратко резиме на она што го научи во текот на часот. Потоа искрено оцени се во однос на тоа како ја разбра интерпретацијата на наставната единица така што ќе одбереш а, б, в или г. Пополни ги и другите делови.

| Научив (кратко резиме) | Врски што ги воспоставив со други проучувања | Како можам да ги применам овие информации во мојот живот? |
|---|---|---|
| Интерпретацијата на наставната содржина ја разбрав:<br>а) одлично<br>б) добро<br>в) доволно<br>г) недоволно | | |

**Прилог 6а.** Упатство: Прочитај го внимателно резимето што сам го напиша. Одговори на исказите од листата за самооценување на корекција на текст. Според резултатите што ќе ги добиеш дај си самиот за себе краток коментар. Коментарот треба да е даден во врска со прашањата дадени во табелата и да го отсликува твоето мислење за тоа каков е твојот правопис во даден текст. Биди искрен.

| | | |
|---|---|---|
| Сите зборови во резимето се точно напишани | Да | Не |
| Сите реченици се целосни (имаат подмет и прирок) | Да | Не |
| Во целото резиме е употребено соодветно време | Да | Не |
| Речникот е соодветен на контекстот | Да | Не |
| Запирките се ефикасно искористени | Да | Не |
| Точката е употребена секаде каде што треба | Да | Не |
| Другите интерпункциски знаци се правилно употребени | Да | Не |
| Има нејасни реченици или реченици без смисла | Да | Не |
| Секаде каде треба е употребена голема буква | Да | Не |
| Пренесувањето на дел од зборот во нов ред секаде е точно | Да | Не |

**Прилог 6б.** Упатство: Прочитај го внимателно резимето што го напиша соученикот. Прочитај го краткиот коментар што тој за себе го дал. Според исказите во истата листа ти напиши коментар кој го отсликува твоето мислење за тоа каков е правописот на соученикот во дадениот текст. Биди искрен.



View publication stats